**Цели на ревизијата**

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на успешност спроведена на проектот ФАРЕ 2000 - Набавка на компјутерска опрема за Реформа на јавната администрација- Судска администрација во вкупна вредност од 508.183,00 Еуро. Министерството за правда на РМ ја координира и реализира реформата на јавната администрација - Судската администрација додека Европската агенција за реконструкција ги склучува и реализира договорите за набавка на стоки и услуги со средства од програмите на ЕУ за Република Македонија. Договорот за набавка на компјутерска опрема е регистиран под бр. 00МАС01/03/002

Ревизијата е извршена за периодот на планирање и реализација на активностите од проектот до периодот на вршење увид од страна на ревизорите. Временската рамка на овие активности ревизијата ја дефинира од 2002 до 2006 година.
Ревизијата на успешност е вршена во следните периоди: август 2006 година – прелиминарни истражувања, октомври/ декември 2006 година – извршување на ревизијата, јануари/ март 2007 година- подготовка на ревизорски извештај.

Ревизијата на успешност е активност извршена согласно член 3 став 1 до 4 од Законот за државната ревизија, од страна на тим од Државниот завод за ревизија.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK.